**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-91/3
26.06.2024
Тетово

# ООУ„Кирил Пејчиновиќ ", с.Теарце

Конечен Извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 11.03.2024 -13.03.2024 година |
| **Број на извештај:** | 3 / Полошки плански / 2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Андреја Ѓорѓески |
| **Вид на училиштето:** | основно деветгодишно училиште |
| **Подрачни училишта** | едно подрачно училиште с.Лешок |
| **Основач на училиштето:** | општина Теарце |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик,албански јазик и турски јазик |
| **Број на ученици:** | 310 |
| **Полова структура на ученици:** | 144 машки и 166 женски |
| **Број на наставници:** | 55 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Мирсад Усеини |
| **Директор на училиштето:** | Рухан Илјази |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 16.05.2018 -18.05.2018 |
| **Адреса на училиштето:** | с.Тераце,општина Тераце |
| **Телефон:** | 044 381-400 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | pskirilpejcinoviq@gmail.com |
| **Оценка ИЕ** | 2.75 - добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ" број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ" број 86/2006)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од **11.03.2024 до 13.03.2024** година, тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Кирил Пејчиновиќ “, с.Теарце.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Кирил Пејчиновиќ “, с.Теарце е **2.75, добро**.

Воспитно образовната работа во ООУ„Кирил Пејчиновиќ“,с.Теарце и во подрачното училиште се остварува според наставни планови и програми за основното образование донесени од Министерство за овразование и наука. Наставата се реализира на албански наставен јазик.

Реализацијата е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование.Училиштето има изработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки. Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Се реализира транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од три понудени изборни предмети според нивните интересии и потреби.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање на учениците и родителите со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.Училиштето има формирано инклузивен тим со број 03-8/8 од 01.09.2023 година.

Постапката за избор, на изборни предмети од наставниот план се применува со почитување на потребите и барањата на учениците и дополнување на часови на одредени наставници.

Наставниците во годишните планирања имаат планирани содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.
Слободните ученички активности во училиштето ги задоволуваат потребите и интересите на учениците а се планираат од наставници кои се задолжени според наставниот план. Има примери за учество и постигнати добри резултати на училишни, општински, регионални и државни натпревари.

Реализацијата на наставата е добра. Сите наставници на почетокот на наставната година изготвиле глобални,тематски процесни планирања и истите ги доставиле до директорот односно стручната служба. Планирањето на наставата е предуслов за квалитетна, навремена, успешна и ефикасна подготовка, организација и реализација на наставниот процес. Се заснова на наставната програма и календарот за работа и ги зема предвид карактеристиките на учениците (нивната возраст, предзнаењата, потребите, можностите и способностите) и условите и средствата за работа со кои располага наставникот, т.е. училиштето. При планирањето наставниците се водат од компетенциите од Националните стандарди и од дефинираните резултати од учењето посочени во наставната програма за конкретниот наставен предмет. Исто така, при планирањето наставниците ги осмислуваат активностите што ќе ги применуваат за да обезбедат постигнување на предвидените резултати од учењето, ги избираат и/или ги креираат наставните средства што ќе се користат и го определуваат начинот на следење и проверување на постигањата на учениците.Притоа, користат процесно-развојно планирање,огласно Концепција за основно образование.Во изминатиот тригодишен период учениците од училиштето учествувале на регионални и државни натпревари.При тоа учениците ги освоиле награди:на регионални и државни натпревари.

Најголем број наставници во редовната настава обезбедуваат подршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите наставни предмети за учениците

кои потешко напредуваат во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.

Оперативните планирања за наставен час даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува учениците да научат.Кај помал број на наставници, во планирањата се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми а методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови планирани се и останатите активности на додатна, дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Во наставниот процес, поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи за постигнување на поголеми резултати во наставата и другите вонаставни активности.Поголем број на наставници за реализација на наставата користат разни приоди што придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик, критичкото мислење, креативноста, преземање на одговорност и решавање проблеми.

Кај поголем дел од наставниците, интеракција наставник – ученик е добра, добра е и интеракцијата ученик-ученик. Примена на ИКТ во наставата е добра.Има и случаеви на наставниците на користење на свои лаптоп комјутери со цел на реализација на наставата со ИКТ.

Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одредени учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.Поголемиот дел од наставниците оценувањето го вршаат врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени по секој наставен предмет со кои учениците и родителите делумно се запознаени.Поголем број наставници ги вклучуваат учениците во оценувањето.Еко проектот се реализира континуирано според планираните активности и динамика а вклученоста на учениците е голема.Училишниот простор и околината на училиштето се безбедни.

Севкупната грижа за учениците и хигиената во училиштето задоволува. Училиштето има план за постапување при елементарни непогоди но нема извршено симулација. Училиштето води добра политика и превзема активности за ненасилство. Се реализираат активности за информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија.

Училишниот одбор работи во полн состав, транспарентно за заинтересираните структури во училиштето, со обезбеден кворум за работа и донесување на одлуки. Училишниот одбор има програма и деловникот за работа.

Соработката на училиштето со локалната заедница е во рамки на законските обврски и тоа во поглед на усвојување на годишниот извештај и донесување на годишната програма за работа на училиштето истотака соработката се реализира преку организираните приредби, манифестации и други активности.

Училишниот одбор, директорот и стручниот соработник-педагог, имаат сериозен приод кон задачите што произлегуваат од Годишната програма за работа и другите придружни документи. Директорот работи на идентификација на состојбите на кои највеќе им треба подобрување, има идеја за тоа што е најдобро за училиштето,покажува доволно ниво на енергија за отстранување на сите недостатоци и е отворен и спремен за соработка се со цел подигнување на квалитетот на наставата.

Училиштето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година.Годишната програма за работа бр.01-11/1 од 16.08.2023 година, донесена од страна на Советотот на општина Теарце.Училиштето има Статут број 01-60/1 од 12.12.2019 година.

Последната извршена самоевалуација на училиштето е со бр.01-45/1 од 19.12.2022 година. Програма за развој бр. 01-46/1 од 20.12.2022 година.Училиштето има формирано инклузивен тим со бр.03-8/8 од 01.09.2023 година согласно член 16 став 1 од Законот за основно образаование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20).

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ “Кирил Пејчиновиќ“,с.Теарце, општина Теарце се во село Теарце. Во склоп на училиштето функционира и подрачното училиште кое е лоцирано во с.Лешок. Училиштето е основано со решение бр. 87 на 13.10.1945 година од страна на Советот на с.Теарце и со верификација на дејноста со бр 16-6983/2 од 15.01.1985 година.

Училиштето е запишано во Централен регистар на општински основни училишта во Министерството за образование и наука и регистарот на општински основни училишта што го води општината за своето подрачје со бр.30220160000151 од 24.02.2016 година.

Наставата во училиштето се одвива на македонски, албански и турски наставен јазик а во подрачното училиште на македонски наставен јазик во една смена.

Во централното училиште наставата ја следат 310 ученици, распоредени во 36 паралелки.Во подрачното училиште наставата ја следат 16 ученици во две комбинирани паралелки од прво и второ одделение и од трето и четврто одделение. Училишните објекти каде се изведува наставата се во добра состојба,освен старата училишна зграда во централното училиште каде наставата ја следат само неколку паралелки.

Училиштето располага со вкупно 19 училници од кои две во подрачното училиште,2 кабинети по Информатика Хемија - Физика, и Биологија ,една адаптирана фискултурна сала,1 работилница и билиотека и 6 други простории.Училиштето во с.Теарце има училишен двор од 5265 м2 и спортски терени 1126м2.Подрачното училиште во с.Лешок е тврда градба од понов датум, со дворно место од 2300 м2 . Во централното училиште има централно парно греење на екстра лесно гориво (нафта) а во подралното училиште има централно парно греење на дрва.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

За реализација на наставата во ООУ „Кирил Пејчиновиќ “" с. Теарце општина Теарце , се применуваат наставниот план за деветгодишно основно образовани и наставните програми изготвени од Биро за развој на образование и донесени од Министерство за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Во училиштето од прво до шесто одделение се реализира настава по Концепција за основно образование. Во учебната 2020/2021 година наставата се организирала согласно со План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и во согласност со Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно- образовниот процес со физичко присуство на учениците.

Во учебната 2021/2022 година наставата се организирала согласно со План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година и во согласност со Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно- образовниот процес со физичко присуство на учениците. Наставниците своите глобални, тематски планирања и оперативниот план за час за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на Наставниот план и наставните програми. Раководниот тим на училиштето во својата архива има наставни планови и програми за одделенска и за предметна настава. Во поголем дел од планирањата на наставниците застапена е родова и етничка рамноправност, инклузивноста и унапредувањето на процесот на сензитивност за меѓуетничка интеграција и интеркултурализам.Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, и преку интернет страната на училиштето.

Во училиштето има 1 (еден) ученик со посебни образовни потреби инсклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција. Директорот на училиштето формирал Училишен инклузивен тим со одлука со архивски број 03-11 од 01.09.2023 година . За инклузираниот ученик се изработува ИОП според Концепцијата за инклузија и решението од МКФ.

Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборни наставни предмети. Училиштето нуди можност преку анкетни листови односно прашалници каде се понудени неколку изборни предмети, учениците да изберат предмет кој сакаат да го изучуваат. Учениците кои следат настава по Концепцијата за осново образование изборот го вршат во согласност со Водич за слободни изборни предмети во основно образование и во согласност со Концепцијата за основно образование. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Во ООУ „Кирил Пејчиновиќ “" с. Теарце општина Теарце функционираат 8 (осум ) стручни активи и тоа: стручен актив за прво одделение , стручен актив за второ одделение стручен актив за трето одделение ,стручен актив за четврто одделение, стручен актив за петто одделение,стручен актив за математика и стручен актив за мајчин јазик и стручен актив за странски јазици. Стручните активи соработуваат и работат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава кои планираат и

реализираат настава според Концепција за основно образование. Соработката е интензивирана при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови.

Во годишната програма на училиштето, но и во планирањата на наставниците интегрирани се и крактеристики на локалната средина и застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер и слично.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања според наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. При изработката на годишните планирања, тематските планирања, неделните планирања на наставнциите кои релизираат настава според Концепцијата за основно образование, постои соработка помеѓу активите. Кај поголем дел од наставниците планирањата според квалитетот се на добро ниво. Во училиштето не постојат примери за прибирање и разгледува мислења за наставните планови и програми, како и за учебниците.. Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и во рамки на годишните и тематските планирања на наставниците постојат примери на планирани активности кои имаат за цел негување на мултикутурализмот и унапредување на интеркултурализмот. Училиштето поседува докази за реализирани активности во рамки на меѓуетничка интеграција и унпредување на интеркултурализмот .

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување се прибираат од страна на училишниот педагог , а реализираните обуки се евидентираат во педагошки картони на наставниците.

Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми.Меѓупредметните цели како што се: развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права како и свест за припадност на својата земаја се застапени и интегрирани во рамки на програмите кои се реализираат кај дел од наставните предмети.Училиштето на состаноците на формалните органи, повремено дискутира за применуваните наставни планови и програми .Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување.

### 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Воннаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности. За учениците од одделнска настава функционираат следните секции: ликовна и музичка а за учениците од предметна настава функционираат следните секции:: ликовна , музичка и спортска. Училиштето нема партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција, но училиштето реализира и активности со етнички мешани групи на ученици помеѓу одделенијата од мешан етнички состав во рамки на училиштето.Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според својата желба

и по сопствен избор. Поголем дел од учениците се вклучени барем во една вонnаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности и наклонетост Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето се планираат активности за подигнување на еколошката свест кај учениците од најмала возраст преку реализиација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко стандарди. Училиштето поседува и докази за реализација на еколошки проекти.

Учениците кои покажуваат особен интерес и можности по одредени области со помош и поддршка од училиштето како и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во учебната 2020/2021 година учниците освоиле 1 (едно) прво место, 1 (едно ) второ место и 1 (едно) трето место на општински натпревар по природни науки , 1 (едно) трето место на општински натпревар по биологија, 1 (едно) прво место, 1 (едно ) второ место и 1 (едно) трето место на регионален натпревар по природни науки. Во учебната 2021/2022 година учениците на општински натпревар по биологија освоиле 1 (едно) второ место и 1 (едно) трето место и по англиски јазик учениците освоиле 1(едно ) трето место. а на регионален натпревар по биологија освоиле 1 (едно )трето место. Во учебната 2022/2023 гоидна учениците освоиле 1 (едно ) прво место на општински натпревар по природни науки и 1 (едно ) прво место по англиски јазик , 1 (едно )второ место по биологија и 1 (едно )второ место по англиски јазики на општински нарпревар и 1 (едно )трето место по англиски Учениците на регионален натпревар освоиле 1(едно) прво место по англиски јазик,1(едно )прво место по природни науки и едно1((трето место) по англиски јазик .Учениците на државен натпревар освоиле 1 (едно) трето место по хемија / биологија.

Училиштето е вклучено во проекти на Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието а исто така во училиштето се релизираат и проекти со невладини организации како ЦЕД и др. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, интернет страната на училиштето и брошури.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината.Во училиштето нема регистриран училишен спортски клуб .

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по етничка припадност и паралелки. Училиштето редовно изготвува полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4.45, во учебната 2021/2022 година изнесува 4,44 а во 2022/2023 година изнесува 4,58 од што се забележува незначителни промени односно осцилации. Училиштето презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците.Сите ученици во последните три учебни години имаат примерно поведение.

Погоем дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на ученикот со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии тешкотии во учењето според потребите на учениците. Понекогаш во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари. Во училиштето има 1 (еден) ученик со посебни образовни потреби инклузиран во редовната настава. Ученикот е со мислење и категоризација од соодветна институција и истиот се оценува согласно изготвениот Индивидуален образовен план. Училиштето има идентификувано и ученици со потешкотии во учењето. Постигањата на овие ученици се следат од страна на наставниците и стручните соработници во училиштето.

Училиштето поседува информација за тоа каде го продолжуваат своето образование учениците кои завршиле основно образование. Училиштето нема интерен акт/правилник за избор на ученик на генерација, но избира три ученици на генерација од училиштето кои наставата ја следат на македонски ,албански и турски наставен јазик кои најчесто добиваат пофалници и слично.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Теарце за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. Согласно со истата, ООУ „Кирил Пејчиновиќ "" с. Теарце општина Теарце ги опфаќа децата кои живеат во с.Теарце на настава на македонски ,албански и турски наставен јазик од прво до деветo одд , а во подрачното училиштаво с. Лешок на настава на македонски наставен јазик од прво до петто оделение опфатени се децата кои живеат во с.Лешок. Од шесто до деветo одделение во централното училиште во с.Теарце наставата на македонски наставен јазик ја следат и децата од с.Лешок,с.Доброште ,с.Глоѓи,с.Непроштено и с.Одри . Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за

запишување на деца во прво одделение, Комисија за запишување на деца во прво одделение со надминатаа возрасна граница, доставува покани до родители, врши посети на семејства и остварува соработка со локалната заедница. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици.

Во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на ученици изнесува 305 ученици од кои 101 ученици настава следат на македонски наставен јазик и 179 ученици кои настава следат на албански наставен јазик и 25 ученици кои настава следат на турски наставен јазик распоредени во 34 паралелки,  во учебната 2021/2022 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 328 ученици од кои 114 ученици настава следат на македонски наставен јазик и 1186 ученици кои настава следат на албански наставен јазик и 28 ученици кои настава следат на турски наставен јазик распоредени во 34 паралелки, во учебната 2022/2023 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 310 од кои 104  ученици кои настава следат на македонски наставен јазик и 177  ученици кои настава следат на албански наставен јазик и 29 ученици кои настава следат на турски наставен јазик распоредени во 34 паралелки, и во учебната 2023/2024 година запишани се вкупно 301 ученици од кои 98 ученици кои настава следат на македонски наставен јазик и 176 ученици кои настава следат на албански наставен јазик и 27 ученици кои настава следат на турски наставен јазик распоредени во 34 паралелки.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните три учебни години се забележува тенденција на намалување на изостаноците. Бројот на изостанувања од настава на учениците во учебната  2020/2021 година е 995 односно 982 оправдани и 13 неоправдани изостаноци, а во просек по ученик изнесува 3,25 ,  во учебната  2021/2022 година вкупниот број на изостаноци е 3272 односно 3128 оправдани и 144 неоправдани изостаноци, а во просек по ученик изнесува 9,98, и за учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци е 1582 односно 1471 оправдани и 113 неоправдани изостаноци, а во просек по ученик изнесува 5.1. Училиштето има изготвено анализа на изостаноци според пол  и етничка припадност.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Училиштето ги реализира советувањата  на родителите и води уредна документација. Советувањето на родителите го врши педагогот  во училиштето, најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, Најчести причини за советување на родителите се: намален успех. Во учебната 2020/2021 година не се  реализирани советувања, во учебната 2021/2022 година биле  реализирани  3 (три ) советувања од кои сите се групни советувања на родители и ученици а  во учебната 2022/2023 година се реализирани вкупно 3 (три ) советувања и сите се групни советувања на родители и ученици. Според статистиките и анализите кои ги приложи училиштето може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците, за која училиштето поседува податоци. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години вкупно 23 ученици се испишани од ова училиште, но и 5 учениции се запишани односно дојдени од друго училиште, а по учебни години: во учебната 2020/2021 се испишале се испишале 10 ученици, во учебната 2021/2022  се испишале 5 ученици и се запишал 1 ученик од друго училиште,  и во учебната 2022/2023 се испишале 8 ученици а се запишале 4 ученици  од друго училиште . За првото полугодие за учебната 2023/24 година нема ниту испишани ученици ниту дојдени ученици од друго училиште. Испишувањето, но и запишувањето  на учениците е поради промена на местото на живеење.

### 2.3. Повторување на учениците

Од увидот направен во училишната евиденција и документацијата, како и од увидот во извршените анализи за постигањата на учениците на крајот на последните три учебни години, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината.Во училиштето се идентификуват и се анализираат причините за учениците кои во првото полугодие имаат слаби оценки по некои наставни предмети, и повремено се преземаат активности за подобрување на успехот на крајот на учебната година.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година.

## 3. Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Наставниците изготвуваат планирања (глобалните, тематско-процесните и оперативни планирања за наставен час, неделни планирања и сценарија во одделенијата кои работаат по Концепцијата за основно образование) и истите ги доставуваат кај училишниот психолог на почетокот на учебната година. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и училишниот педагог. Во училиштето има воспоставена процедура за следење на планирањата од страна на директорот и стручната служба, а училиштето води евиденција за доставените планирања.

Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето. Раководниот тим на училиштето ги следи и има утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците. Во училиштето постои соработка и размена на искуства и идеи кај наставниците при подготовката на нивните планирања во стручните активите, а соработката е најистакната во одделенска настава.

Поголемиот дел од планирањата на наставниците ги содржаат неопходните елементи за организација и реализација на часот. Наставниците ја планираат редовната настава, додадтна и дополнителна настава како и воннаставни активности како и домашна работа и при нивна реализација истите се евидентираат во електронскиот дневник на паралелката. Во рамки на планирањата дефинирани се и критериуми за оценување на учениците.

Наставниците кои реализираат настава во паралелката каде настава следи ученикот со посебни образовни потреби, изготвуваат индивидуален образовен план и истиот се изготвени во соработка со Училишниот инклузивен тим Во една учебна година, најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручниот соработник, и се врши посета на часови.

Дневните планирања на наставниците ги содржат целите на наставата. Училиштето има развиено систем за детектирање на ученици со потешкотии во учењето и талентирани ученици, но во планирањата делумно се планирани диференцирани цели и диференцирани активности, со исклучок на наставниците кои релизираат настава со ученикот со посебни образовни потреби. Дневно оперативните планирања односно сценаријата за наставен час се усогласени со тематските планирања.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, а во училиштето функционираат осум стручни активи и тоа: стручен актив за прво одделение , стручен актив за второ одделение стручен актив за трето одделение ,стручен актив за

четврто одделение, стручен актив за петто одделение,стручен актив за математика и стручен актив за мајчин јазик и стручен актив за странски јазици.Во мал дел од планирањата застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Распоредот на часови се изготвува од страна на одговорен наставник и педагогот на училиштето и истиот е направен според просторните и кадровските можности на училиштето, бидејќи училиштето има и подрачно училиште . Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава. Поголем дел на наставниците во електронскиот дневник ги евидентираат дополнителната и додатната настава и другите активности.

## 3.2 Наставен процес

За време на интегралната евалуација извршена е посета на наставни часови кај поголем дел од наставниците.

Наставници користат различни форми и методи во наставата. Наставниците од одделенска настава користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа. Од посетата на часовите, во наставниот процес се забелжува речиси исти приод за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците, односно кај поголем дел од наставниците при реализација на наставата отсуствува диференцираниот пристап. .Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот недоволно посетуваат дополнителна настава, а исто така и додатната настава се организира нередовно;

Во училиштето постои функционална ИКТ технологија, и најголем дел од наставниците се обучени за примена на информатичката технологија во наставата. Училиштето располага со 19 ЛЦД проектори, 7 смарт табли, 3 принтери и 1 фотокопир со компјутер во наставничка канцеларија , 2 лап топ компјутери за наставници, 19 компјутери распределени во 19 училници ,16 работни места на комјутери во кабинетот по информатика и 14 таблети за ученците Во планирањата, наставниците имаат предвидено реализација на наставни содржини со примена на информатичко-комуникациска технологија, и поголем дел релизираат настава со примена на ИКТ.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и најчесто поврзани со работата на учениците за време на часовите. Дел од учениците користат различни извори и ресурси за учење.Поголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку се појави таков случај.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, и истата се применува, а секој наставник се посетува просечно по два пати во текот на учебната година од директорот и педагогот на училиштето. Наставникот – приправник се посетува често и од страна на неговиот ментор. Евиденцијата од посета на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час како и посебни формулари со извештај за следење, помош, и сугестии за приправникот.

Кај поголем дел од наставниците, за време на наставниот процес преовладува интерактивна настава. Учениците се вклучени во процесот на учење и соработуваат меѓу себе. Интеракцијата на релација наставник-ученик и ученик – ученик е застапена.

Реализацијата на ЕКО проектот е според планирањата. Дел од наставниот кадар се обучени за интегрирање на еколошки содржини во наставата. Повеќето од наставниците имаат планирано реализација на еко содржини во наставниот процес. Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се ученици и наставници и лица од техничкиот персонал.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на на нашата држава. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините кои им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот. Од посетата на часовите поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислувааат, да поставуваат прашања. Наставниците не ги искажувааа слабите страни на учениците пред другите ученици.

Голем дел на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра. Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу учениците. Учениците заеднички работаат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето се идентификуваат образовните потреби на учениците од страна на наставниците и психологот, и се преземаат активности за помош и поддршка во процесот на успешно усвојување на материјата согласно со нивните можности, компетенции и потреби.Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење а поголем дел од наставниците не изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците.За подршка на ученикот со посебни образовни потреби работи и посебен иклузивни тим кој работи според индивидуален образовен план со планирани активности согласно потребите и можностите на учениците со попреченост.Во училиштето се планира дополнителна и додатната настава, и истата се реализира во според потребите на учениците.

Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека учествуваат во воннаставни активности и секции што ги организира

училиштето.Училиштето ги препознава талентираните и надарените ученици. Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, а не се работи континуирано во текот на цела година.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето го применува правилникот за оценувањето и напредувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување.

Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Наставниците користат методи и инструменти за оценување преку кои го следат и оценуваат напредокот на учениците. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проектни задачи, наставни ливчиња и слично. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Учениците со посебни образовани потреби се оценува според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите дефинирани во Индивидуален образовен план за секој од учениците, а во соработка со Инклузивниот тим.

Најголем дел од наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Поголем дел од наставниците даваат повратна информација. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има изграден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Системот вклучува прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката, како и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, индивидуални средби и групни средби со родителите. До родителите се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалификациони периоди.

За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а најголемиот број на родители имаат пристап до него.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1.Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран преку А.Д Сава Осигурување – полиса за осигурување б. ОР-00992251, а преку истата компанија осигурани се и сите ученици ( полиса број ОР-00973145 од 11.11.2023 год.). Училиштето е физички обезбедувано со ноќен чувар. За време на настава има дежурни наставници и ученици. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство.

Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош ( одлука за определување на вработен обучени за давање на прва помош број 03-199/2 од 16.11.2021 год ) на учениците при несреќни случаи во училиште и има пакет средстава за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за евакуација за постапување во случај на елементарни непогоди, ( план за евакуација број 03-118/1 од 01.11.2018 ) и има изведено симулација во училиште. Во училиштето има 13 ППА, прегледани , сервисираи во исправна состојба ( потврда за сервис – сервис картон од ИНТЕР ПЛАМ Бр . 08-58/2 од 22.03.2023), 6 хидранти. Противпожарните апарати редовно се сервисирани и инсталирано интернет мрежа и телофонска врска. Училиштето е под видео надзор и има ангажирано физичко лице за обезбедување – ноќен чувар.

Училиштето има протокол како пишани документи (Правнилник за куќен ред бр. 01-52/1 од 27.05.2015 и Кодекс на однесување бр. 01-51/1 од 20.05.2015 ) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите се почитуваат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, од трговија со деца и користење на интернет. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол,цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања и активности за одбележување на Светскиот ден против пушењето.

Во училиштето нема организирана исхрана. Училиштето води кампања за здрава исхрана, организира предавања на тема „Био храна“ и реализира активности за одбележување на Светскиот ден на здравјето и Меѓународниот ден на храната.

Пристапот и инвентарот во училиштето не е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот, како и просторот во ходниците и во училниците не овозможува нивно движење. Училиштето нема пристапна рамба и стаза за движење на ученици кои користат помошно средство за движење.

Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. За помош и поддршка на учениците во воннаставните активности и обезбедување со училишен прибор, облека училиштето организира активности и соработува со Центарот за социјална работа Тетово и хуманитарните организации од село Теарце а и пошироко, Црвен крст, невладини организации ( Здружениа на печалбарите од с.Теарце кои донираа облека и училишен прибор за учениците) и на училишно ниво организира акции за поддршка на учениците во наставата.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е на многу добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во тек учебната година согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист но делумно определен простор за холтикултурно уредување со цвеќе. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во училиштето ие извршена Д Д Д. од овластена фирма ЈЗУ. ЦЈЗ - ТЕТОВО во месец септември 2023 година..

Училиштето има програма за превенција за здравјето, организира предавања за начини на живеење, заразни болести-штетност и заштита, одржување на хигиена, заштита од ХПВ, сида и полови болести. За учениците училиштето организира систематски преглед, а за вработени санитарен и лекарски прегледи. Лекарски преглед на вработените извршен во ПЗУ„НАТУРА МЕДИКА“ - Џепчиште, ( договор број 03-261 од 16.11.2021 год. ) а извршен е и санитарниот преглед ( број 083190 од 06.09..2023 год ).Учиниците редовно одат на систематски прегледи,вакцини и ревакцини.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование и реализира активности по Програмата за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на основното опфаќа презентација за професионална ориентација од страна на средните училишта, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенските раководители и

стручната служба, но не опфаќа самооценување на вештините и интересите на учениците и помош во изработката на кратка биографија. Училиштето нема програма за работа на професионална ориентација за учениците со посебни образовни потреби во соработка со посебните средните училишта преку разговор со родителите.

Стручната служба им помога на учениците и родителите во решавање на проблемите поврзани со ВОП и ги упати до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи, Центарот за социјална работа, Центарот за ментално здравје и МКФ – Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците и стручните соработници водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците, што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот/класен час, родителски средби и Совет на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. ( Училиштето нема наставник со звање наставник Ментор).

# 5.Училишна клима

## 5.1Училишна клима и односи во училиштето

Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето е препознатливо како еко училиште.

Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и донесен еко кодекс. Во изработка учествувале претставници од сите структури и усвојување со демократска процедура. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодекс.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот. Учениците - членови на училишната заедница се покануваат на состаноци на наставнички совет и совети на паралелки. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поткинувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим формиран со Решение бр.03-11 од 01.09.2023 год. За работа инклузивниот тим има изготвено Програма. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на уцениците со ИОП. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки бр. 02-8/1 од 25.03.2022. Во последните три учебни години изречени се 2 педагошки мерки од нив 2 писмени опомени. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирана ученичка заедница. Во ученичката заедница вклучени се родители на учениците. Ученичката заедница има изготвено програма за

работа и за реализација на програма добива поддршка од училиштето. Ученичката заедница учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците целосно се информирани од претставникот во ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Најголем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех, но не и наставниците ментори на учениците ,кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

## 5.3Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата или со обврските на учениците во училиштето.

Најголем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. За начинот како учениците да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст се информирани.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2013-2014 година училиштето го реализира МИО проектот. Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници и натпревари. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. ООУ„Кирил Пејчиновиќ" с.Теарце општина Теарец нема партнер училиштето, а активностите од МИО проектот се реализираат во склоп на улилиштето бидејќи училиштето е тројазично ( МНЈ, ТНЈ, и АНЈ).

Наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО и ги реализираат согласно планираната динамика.

## 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната заедница и со локалните работодавци

Училиштето планира активности да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вонаставните активности. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници од редот на родителите во училиштето. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од еколошката програма. Училиштето од учебната 2009-2010 година е еко училиште има изготвено еко програма, еко албум, еко кодекс, еко пораки има формирано еко одбор, организирани еко акции и многубројни активности за одбележување на Светскиот ден на заштита на: енергијата, климата, животната средина, водата,како и нивното влијание врз здравјето на луѓето. За реализација на еко програмата вклучени се наставници, стручни соработници, ученици и родители. За реализираните активности училиштето води писмена евиденција.

Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во проекти. За реализација на проектите има мал број примери за соработка на училиштето со основните и средните училишта од друг град на државно ниво. ( Меморандум за соработка и партнерство за мегуетничка интеграција во образованието со ООУ “Крсте Мисирков„ Гевгелија, од 2016 - 2018 година ).

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Просторни капацитети

Просторниот капацитет на ООУ „Кирил Пејчиновиќ„ с.Теарце општина Теарце се состои од :

- Две згради во централното училиште во с. Теарце, од тврда градба во вкупна површина од 1582 м2, училишен двор од 5265 м2, спортски терени од 1126 м2, озелена површина од 1513 м2.
- Во подрачното училиште во с.Лешок една зграда тврда градба, со вкупен простор од 479 м2, со двор 2300 м2.

Училишните простории ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање вонннаставни активности за учениците.

Училишната зграда во:

- С.Теарце има вкупно 17 училници, 3 кабинети ( информатија, хемија-физика и биологија). Има адаптирана спортска сала, 1 библиотека, 3 административни простории, 1 наставничка канцеларија.
- С.Лешок има 2 училници, 1 мал кабинет, 1 канцеларија за наставници.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите континуирано ги обновува. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата кај поголем број на наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето недоволно располага со соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.

Училишната библиотека располага со 11.173 парчиња лектири, изданија и стручна литература на албански, македонски и турски јазик кои се донација. При издавање се води евиденција во пишана форма односно се води инвентарна книга за библиотечната евиденција, отсуствува електронската евиденција. Од страна на библиотекарот за

учениците се организира посета на изложби, саем на книги и издавчки куќи. Библиотекарот уредно го води проектот Бесплатни учебници.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес има вработено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставата во училиштето ја реализираат 55 наставници, од кои 19 одделенски наставници и 36 предметни наставници. Од кои соодветни се 54 наставници а несоодветни се 1 наставници. Според образовниот профил 52 наставници се со високо образование (од кои 5 магистри) , 1 со средно образование и 2 наставници се со вишо образование. На неопределено работно време се 48 наставникаци и 7 наставници се на одределено работно време. Според полот 35 се жени и 20 се машки, според етничката припадност 27 наставника се албанци, 19 настацници македонци и 9 турци .

Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба (педагогот ) и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставникот приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставниците работат како тим во рамки на 8 стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за соодветна замена.

Училиштето има стручна служба (педагог и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

## 6.4 Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионални компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници.

Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи потреба за обуки за работа со учениците со посебни образовни потреби. Училиштето има план за организирање на нагледен час, но истите делумно се реализираат.

Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Од страна на наставниот кадар и стручите соработници се изготвени индивидуални програми за професионален и кариерен развој.

### 6.5 Раководење и финасиско работење

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.

При креирање на финансискиот план делумно се зема предвид предлог од ученичката заедница за реализација на активности на ученичката заедница. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и ностат од страна на училишниот одбор.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

## 7. Управување, раководење и креирање на политика

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Органот на управување,Училишен одбор е составен и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има деловник за работа и програма за работа и според истите го организира своето работење. Состаноците на училишен одбор се одржуваат редовно и со однапред утврден ред и доставени материјали за седница.Училишниот одбор за својата работа редовно ги запознава другите субјекти, вклучени во образовниот процес во училиштето.
Соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето,е добра. За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е училиштето да обезбеди обука, со цел поефикасно работење на истиот.

Директорот на училиштето го следи и координира работењето на установата во сите сегменти на остварување на воспитно образовната работа.Во таа смисла како раководен орган има воспоставено професионален однос кон работата и истиот знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето работење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручните работници.Приоритетна задача на директорот се постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа на училиштето.

Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.Соработка на директорот со стручните соработници,административниот кадар и учениците е добра.Управувањето и раководењето со училиштето е добра.

### 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на работењето на училиштето се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и Програмата за развој и истите се во согласност со државната и локалната образовна политика.Наведените документи се креирани по насоки на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.Програмата за развој има јасност и соодветност на целите како и процедура за креирање на училишната политика.

Училиштето ги мобилизира наставниците активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на целите и се запознати со нивното остварување.

Родителите и учениците се запознати со целите но истите многу малку се вклучени во реализацијата на истите.Креирањето на училишната политика е добра.

Мисијата, визијата и вредностите на училиштето се отсликиуваат во Развојното планирање. Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигањата на поставените индикатори за успешност.

Училиштето нема документ – програма со кој се креира политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници но потребно е да се обезбедат финансиски средства, соодветно на потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето ги планира материјално техничките средства но планирањето потешко го реализира,поради ограничените финансиски можноисти.

Училиштето по потреба, бара средства од локалната и деловната заедница за подобрување на инфраструктурата на училиштето.Развојното планирање е добро.

**Силни страни:**

- Успешно реализирање на програма за Меѓуетничка интеграција
- Добро учество на натпревари
- Организирање на голем број воннаставни активности
- Поддршака на учениците со потешкотии во учењето
- Воспоставен добар однос,грижа и пристап на наставниците кон учениците
- Директорот и стручните соработници ( педагог и психолог) даваат поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика во сите структури на училиштето
- Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината;

**Слаби страни:**

- Недостасуваат наставни нагледни средства и учебници по некои предмети
- Недоволна опременост на библиотеката со книжен фонд и нагледни средства
- Наставата по физичко и здраствено образование во подрачните училиште не се реализира во фискултурна сала
- Нередовно организирање на додатна настава
- Училиштето нема интерен акт/правилник за избор на ученик на генерација,
- Во училиштето нема регистриран училишен спортски клуб .
- Подрачното училиште во с.Лешок нема ограда и надворешен спорки терен

**Препораки:**

- Набавка на нагледни средства и учебници по предметите за кои истите недостасуваат
- Да се зголеми книжен фонд во училиштето и бројот на нагледни средства
- Во подрачните училиште наставата по физичко и здраствено образование да се овозоможи, да се реализира во простор адаптиран за фискултурна сала
- Да се организира редовна додатна настава , да се донесе правилник/интерен акт за избор на ученик на генерација

- Подрачното училиште во с.Лешок ссодветно да се огради
- Да се отпочне процедурата за регистрација на спортски клуб
- Да се изгради надворешен спосртски терен во подрачното училиште во с.Лешок

| | |
|---|---|
| Андреја Ѓорѓески, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Илбер Зенку ,Инспектор | |
| Климентина Трпчевска,Инспектор | |